2.5.5 Анализа на растечките компании
2.5.6 Мерење на додадената вредност
2.5.7 Анализа на акциите на глобалните компании
2.6 Техничка анализа
2.6.1 Дефиниција и претпоставки
2.6.2 Предности на техничката анализа
2.6.3 Предизвици на техничката анализа
2.6.4 Правила на техничката анализа
2.6.5 Индикатори на техничката анализа
3. Обврзници
3.1 Должнички хартии од вредност
3.1.1 Карактеристики на должничките хартии од вредност
3.1.2 Обезбедување на исплатата на обрвзниците
3.1.3 Структура на пазарот на должнички хартии од вредност
3.2 Ризици од инвестирање во обврзници
3.2.1 Каматен ризик
3.2.2 Ризик на кривата на принос
3.2.3 Ризик отповикување и предвремено плаќање
3.2.4 Ризик на реинвестирање
3.2.5 Кредитен ризик
3.2.6 Ризик на ликвидност
3.2.7 Девизен ризик
3.2.8 Инфлаторен или ризик на куповна моќ
3.2.9 Ризик на волатилност
3.2.10 Ризик од настани (политички, регулаторен, природен, преземање)
3.3 Видови и карактеристики на обврзници
3.3.1 Државни обврзници
3.3.2 Општински обврзници
3.3.3 Корпоративни обврзници
3.3.4 Меѓународни обврзници
3.3.5 Крива на принос на државните обврзници
3.3.6 Мерење на спридовите на принос (апсолутни, релативни, ratio на принос)
3.3.7 Ефекти на големината на емисијата и ликвидност на спред
3.3.8 Формирање на распон на каматни стапки
3.3.9 Каматен своп и своп распон
3.4 Вреднување на должнички хартии од вредност
3.4.1 Основни принципи на вреднување
3.4.2 Традиционални принципи на вреднување
3.4.3 Без арбитражен пристап на вреднување
3.4.4 Модели на вреднување
3.5 Мерење на каматен ризик
3.5.1 Пристап на полно вреднување
3.5.2 Влијание на ценовната волатилност на карактеристиките на обврзниците
3.5.3 Рочност
3.5.4 Конвексност
3.5.5 Цена на базниот поен (вклучително и неговата врска со дурација)

**2936.**

Врз основа на член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014) и член 15 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ број 34/2001, 49/2001, 103/2001, 54/2002, 32/2003, 51/2003, 81/2008, 24/2011, 135/2011 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 30.6.2014 година го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК
## ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ, ОДНОСНО ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА СТРАНСКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со Правилникот за условите и начинот за давање одобрение за издавање, односно за регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија (во натамошниот текст: Правилник) се уредуваат условите и начинот под кои може да се добие одобрение за издавање, односно за регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија.

Член 2

Барање за одобрение за издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија, до Комисијата за хартии од вредност (во понатамошниот текст: Комисија) поднесува странскиот издавач на хартии од вредност (во понатамошниот текст: издавачот).

Член 3

(1) Одредбите од Законот за хартии од вредност што го регулираат издавањето, понудата и продажбата на хартии од вредност се применуваат соодветно во постапката на давање одобрение за издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија.

(2) Издавањето, односно регистрирањето на странски хартии од вредност во Република Македонија може да се врши по пат на јавна понуда и по пат на приватна понуда.

Член 4

Во случај на издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија по пат на јавна понуда, издавачот до Комисијата поднесува Барање за одобрение за издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија во форма и содржина определена со Правилникот за содржината на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда („Службен весник на РМ“ број 6/2007 и 147/2010). Во прилог на Барањето издавачот ја приложува документацијата определена со Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение за јавна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 28/2008).

Член 5

Во случај на издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија по пат на приватна понуда, издавачот до Комисијата поднесува Барање за одобрение за издавање, односно регистрирање на странски хартии од вредност во Република Македонија во форма и содржина определена со Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 6/2007, 88/2007 и 4/2012), акт за издавање на хартии и вредност и предлог соопштение до јавноста во форма и содржина определена со Правилникот за формата и содржина на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда („Службен весник на РМ“ број 110/2006).

Член 6

Во секој од документите од член 4 и 5 на овој Правилник издавачот наведува дека станува збор за издавање на странски хартии од вредност во Република Македонија.

Член 7

(1) Кон барањето од член 4 и член 5 на овој Правилник, издавачот до Комисијата доставува и долгорочен кредитен рејтинг на издавачот, изготвен од една од следните кредит рејтинг агенции: Moody's, Standard & Poor’s (S&P) или Fitch.

(2) Рејтингот на издавачот од член 2 на овој правилник треба да биде најмалку BBB- или Baa3.

(3) Во случај на различни, односно нееквивалентни рејтинзи, добиени од повеќе од една од наведените рејтинг-агенции, Комисијата во предвид ќе го земе повисокиот рејтинг на издавачот.

(4) Комисијата може да побара од издавачот да достави дополнителна документација за докажување дека барањето е основано.

Член 8

(1) Комисијата одлучува по барањето од член 4 и член 5 од овој Правилник, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на истото.

(2) Комисијата за хартии од вредност нема да издаде одобрение ако заклучи дека издавањето и регистрирањето на хартиите од вредност може да резултира со одлив на капитал од Република Македонија, спротивно на одредбите од Законот за девизно работење или ако издавачот не поседува соодветен кредитен рејтинг.

Член 9

За издаденото одобрение за издавање, односно за регистрирање на странската хартија од вредност во Република Македонија, Комисијата го известува Министерството за финансии на Република Македонија и Народната Банка на Република Македонија.

Член 10

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

(2) Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за добивањето одобрение за издавање и воведување на странски хартии од вредност во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 49/2001).

Бр. 1104/1
30 јуни 2014 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

**2937.**

Врз основа начлен 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013 и 43/2014) и член 13 од Законот за девизно работење („Службен весник на РМ“ број 34/2001, 49/2001, 103/2001, 54/2002, 32/2003, 51/2003, 81/2008, 24/2011, 135/2011 и 188/2013), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 30.06.2014 година го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ ЗА ДОБИВАЊЕ ОДОБРЕНИЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ИЛИ РЕГИСТРИРАЊЕ НА ДОМАШНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Со Правилникот за условите и начинот за добивање одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство се регулираат условите и начинот под кои е можно да се добие одобрение од Комисијата за хартии од вредност на Република Макединија (во понатамошниот текст: Комисијата) за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство.

Член 2

(1) Резидентите можат да издаваат и регистрираат во странство домашни хартии од вредност единствено по претходно добиено одобрение од Комисијата.

(2) Обврската за добивање на одобрение од Комисијата за хартии од вредност од став 1 на овој член не се однесува во случај кога овластените банки тргуваат со финансиски деривати во странство.

Член 3

(1) Хартиите од вредност може да бидат издадени или регистрирани во странство само од издавачот на тие хартии од вредност.

(2) Издавањето и регистрирањето на хартиите од вредност во странство значи почеток на тргување со хартии од вредност во странство.

(3) Под тргување со хартии од вредност се подразбира првото продавање, односно првото запишување и уплата на хартии од вредност и секое понатамошно купување и продавање на хартиите од вредност.

Член 4

Барање за одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство, до Комисијата за хартии од вредност поднесува резидентот издавач на хартии од вредност (во понатамошниот текст: издавачот).

Член 5

(1) Одредбите од Законот за хартии од вредност што го регулираат издавањето, понудата и продажбата на хартии од вредност се применуваат соодветно во постапката на давање одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство.

(2) Издавањето или регистрирањето на домашни хартии од вредност во странство може да се врши по пат на јавна понуда и по пат на приватна понуда.

Член 6

(1) Во случај на издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство по пат на јавна понуда, издавачот до Комисијата поднесува Барање за одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство во форма и содржина определена со Правилникот за содржината на барањето за одобрение за издавање на хартии од вредност по пат на јавна понуда („Службен весник на РМ“ број 6/2007 и 147/2010).

(2) Во прилог на Барањето издавачот ја приложува документацијата определена со Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение за јавна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 28/2008).

Член 7

Во случај на издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство по пат на приватна понуда, издавачот до Комисијата поднесува Барање за одобрение за издавање или регистрирање на домашни хартии од вредност во странство во форма и содржина определена со Правилникот за формата и содржината на барањето за одобрување на приватна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 6/2007, 88/2007 и 4/2012), акт за издавање на хартии и вредност и предлог соопштение до јавноста во форма и содржина определена со Правилникот за формата и содржина на соопштението за издавање на хартии од вредност по пат на приватна понуда („Службен весник на РМ“ број 110/2006).

Член 8

Во секој од документите од член 6 и 7 на овој Правилник издавачот наведува дека станува збор за издавање на домашни хартии од вредност во странство.